Отворање на Изложба на фотографии "ЗЛАТНИОТ АНТИЧКИ НАОД", с. ТРЕМНИК - НЕГОТИНО.
Организатори на изложбата: Општинска Установа Музеј на град Неготино и НУ Завод и Музеј - Прилеп.

Изложба на фотографии од ексклузивниот златен антички наод пронајден во археолошкиот локалитет “Орманков гроб”, с.Тремник, општина Неготино, феноменален во изработката на филигранство и гранулација, презентиран во Келтен-Ромер Музеј во Манхинг-Германија, заедно со златната маска и нараквица од Охрид, вкупна тежина 1.018 гр., 22% каратно злато, датира од IV-III век п.н.е.

Златниот антички наод се состои од две монети-статери: една на Филип II и Александар III, златен ѓердан составен од висулци во вид на лешник, два ѓердани составени од кружни алки со еден ред гранулации, медаљон со претстава на Посејдон, една тоалетна кутија (пиксида), ѓердан со кружни алки со три реда гранулација, четири фибули, четири цилиндри како завршетоци на ѓерданите и две палмети во срцевидна форма. Изложбата содржи 30 фотографии изработени на форекс, врамени, со димензии 100х70 цм. кои моментално се изложени во лапидариумот на НУ Завод и Музеј - Прилеп.